РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 01-490/1
20.01. 2016 год.
СКОПЈЕ

# АНАЛИЗА
# НА ПОВЕДЕНИТЕ УПРАВНИ СПОРОВИ ПРОТИВ АКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
## (во периодот од јануари 2015 година до декември 2015 година)

## 1. *Вовед*

Во правниот поредок на секоја демократска и правна држава се востановува одреден систем на контрола на законитоста на работите на органите на управата и другите институции кои вршат јавни овластувања. Како облик на судска заштита, институтот управен спор претставува форма на организирана, систематска судска контрола над законитоста на управните акти[1], и тој е значаен сегмент на правната држава. Два аспекти придонесуваат за важноста на управниот спор како правен институт, најнапред тоа што тој обезбедува заштита на правата и интересите на граѓаните и другите правни субјекти од незаконита работа на управата и другите институции со јавни овластувања, како и од друга страна, тоа што обезбедува и зацврстува законитост во работењето на органите. Гарантираното ниво на правна заштита, како и нејзината ефикасност, се клучни елементи при процена на секој модерен правен систем, така што и Европската унија придава голема важност на управното судство.

## 2. *Правна рамка*

Уставот на Република Македонија изрично и децидно ја утврдува судската заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Па така, согласно член 50 став 2 од Уставот, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.[2]

Уставниот абиент во напреднаведената смисла, беше вграден во Законот за управните спорови, кој беше донесен од страна на Собранието на Република Македонија во 2006 година[3]. Основните одредби на овој Закон (од член 1 до член 6), ги етаблираат основните начела на институтот управен спор. Најнапред Законот ги дефинира основните

---
[1] http://www.pf.ukim.edu.mk/Uploads/11__Administrativno%20sudska%20kontola.pps
[2] http://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
[3] Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06, 150/10)

цели на управниот спор, и тоа: судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица, како и обезбедување на законитост. Законот за управните спорови го утврдува поимот на управниот спор односно утврдува дефиниција на управниот спор како правен институт која гласи: заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, судот, во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за актите на тие органи донесени во прекршочна постапка. По однос на можноста за поведување управен спор, во овој Закон, начелно е вграден принципот на општа (генерална) клаузула односно можноста за поведување на управен спор против сите управни акти со кои се решава некоја управна работа, но исто така во Законот за управните спорови прифатен е и принципот на енумерација (набројување) на одделните поединични случаи за кои изрично е предвидена можност за поведување управен спор (член 2).

Стварната надлежност за одлучување во управен спор е нормирана во членот 16 од Законот за управните спорови, при што таа е утврдена на следниот начин: Управниот суд во управен спор одлучува во прв степен по тужба против управни акти, Вишиот управен суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд во прв степен, додека пак Врховниот суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Вишиот управен суд. Законот во членот 6 дава објаснување што се подразбира под орган, во смисла на овој закон, при што под орган утврдено е дека се подразбираат органите на државната управа, Владата на Република Македонија, други државни органи, управни организации, општините и градот Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва, фондови, установи, организации и заедници, здруженија и други организации и заедници кога во вршењето на јавни овластувања решаваат во управни работи. Во Законот за управните спорови определен е и поимот на управен акт, при што пропишано е дека Управен акт во смисла на овој закон е акт со кој органите од членот 6 на овој закон решаваат за извесно право или обврска на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и актите на тие органи донесени во прекршочната постапка.

Во управен спор судот носи решение или пресуда. Со решение судот ја запира постапката односно ја отфрла тужбата, во случаите определени во членовите 24,25 и 26 од Законот. Судот го решава управниот спор со пресуда. Па така, согласно член 39-а од Законот за управните спорови, Судот ги донесува следниве пресуди:

- Пресуда со која судот ја уважува тужбата како основана ако најде дека оспорениот акт е незаконит и дека тужбата е основана и на закон заснована. Ако тужбата се уважува, судот го поништува оспорениот управен акт, и
- Пресуда со која судот ја одбива тужбата како неоснована ако најде дека оспорениот акт е законит.

Правото на судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица е загарантирано и со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[4]. Имено, Агенција за аудио и аудиовизуелни медимски услуги која претставува самостојно и независно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања, претставува управен орган во смисла на член 6 од Законот за управните спорови[5].

Агенцијата во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги има следните надлежности:

-грижата за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите,

-поттикнувањето на слободата на изразување,

-грижата за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрување и поддржување постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

-преземањето мерки во согласност со Законот во случаите кога е извршена повреда на неговите одредби или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите,

-грижата за обезбедување заштита на малолетните лица,

-донесувањето на актите кои произлегуваат од Законот, грижата за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,

-утврдувањето на постоење на недозволена медиумска концентрација,

- одлучувањето за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување,

- преземањето мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република

---

[4] Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14)

[5] Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06, 150/10)

Македонија согласно со членот 45 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

- донесувањето листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија,

-поттикнувањето медиумска писменост,

- вршењето надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

-водењето на регистрите утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

- спроведувањето на истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

- вршењето мерење на гледаност или слушаност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија,

-и други работи утврдени со Законот.

Работите за кои е надлежна, Агенцијата ги врши во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него, Законот за медиуми, Законот за општата управна постапка, доколку со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поинаку не е одредено, други закони и стратешки документи на Република Македонија, како и меѓународните договори од областа на медиумите и аудиовизуелните медиумски услуги што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

Своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги извршува преку нејзините органи: Совет на Агенција и директор.

Советот на Агенцијата е надлежен да: донесува одлука за распишување на јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување; донесува одлука за доделување, одземање или продолжување на дозволата за телевизиско или радио емитување; донесува одлука со која се дозволува, односно забранува промена во сопственичката структура на радиодифузер; донесува одлука со која се поништува одлуката со која е дозволена промена во сопственичката структура на радиодифузер; донесува одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност; донесува одлука со која се утврдува постоење дозволена медиумска концентрација; го информира органот надлежен за авторските права и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на истите, ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги; ги донесува општите акти за работа на Агенција, го донесува Деловникот за работа на Агенцијата, ја усвојува завршната сметка на Агенцијата, ги одобрува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата од членот 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, го донесува годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење програмски надзор, одлучува за преземање мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија, донесува одлука за утврдување на листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, донесува Кодекс за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата, ги избира и разрешува директорот и заменикот на директорот на Агенцијата во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и по постапка утврдена во Деловникот за работа на Агенцијата, дава одобрување за донесување на одлуките на директорот на Агенцијата за располагање со имотот, како и за вработувањата и отпуштањата на вработените во стучната служба на Агенцијата, го следи спроведувањето на годишната програма за работа на Агенцијата преку кварталните извештаи доставени од директорот на Агенцијата и да врши и други работи утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Директорот ја организира и раководи со работата на Агенцијата, одговорен е за законитото работење на Агенцијата и има надлежност да: ја застапува и претставува Агенцијата; потпишува договори во име на Агенцијата,ги предлага општите акти за работа на Агенцијата, го предлага Деловникот за работа на Агенцијата, годишниот извештај за работа и годишната програма за работа на Агенцијата кои се составен дел на извештајот за работа на Агенцијата од член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; го предлага годишниот план за вршење на програмски надзор и Методологијата за вршење на програмски надзор, донесува решенија за прашања од надлежност на Агенцијата, издава потврди за регистрација утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, презема мерки во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во случаите кога е извршена повреда на одредбите на истиот Закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите; предлага мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија, ги предлага одлуките од надлежност на Советот, ги предлага подзаконските акти што се од надлежност на Советот, предлага листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, дава овластувања на други лица во рамките на своите

надлежности, одлучува за вработувања и распоредување на вработените во стучната служба на Агенцијата, врши и други работи утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Деловникот за работа на Агенцијата.

Мерките кои Агенцијата ги презема во случај на повреда на прописите се пропишани во членот 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од овој Закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата, може да ги преземе следниве мерки:да донесе решение со кое ќе го опомене; да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината; да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги при извршувањето на своите законски надлежности, за кои стана збор погоре во оваа анализа, преку своите органи – Советот и директорот, донесува одлуки (решенија и сл.), кои претставуваат управни акти во смисла на член 7 од Законот за управните спорови[6], поради тоа што со нив решава за извесно право или обврска на физички или правни лица.

Согласно, членот 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрично пропишува дека одлуките и решенијата донесени во случај на повреда на одредбите на овој Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти на Агенцијата се конечни и против нив може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на одлуката или решението.

---

[6] Закон за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06, 150/10)

## 3. *Предмет на анализа*

Со оваа анализа се опфатени управните спорови кои во периодот од јануари 2015 година до декември 2015 година, биле поведени пред Управниот Суд на Република Македонија против управните акти донесени од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## 4. *Број на поведени управни спорови против акти на Агенцијата*

Во периодот од јануари 2015-та година до декември 2015 година до Управниот Суд на Република Македонија, поведени се вкупно 2 (два) управни спорови против акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Прегледот на поведените управни спорови е даден во прилог на оваа анализа (Прилог 1), во кој Преглед, дадени се конкретни податоци за подносителот на тужбата, датум на поведување на управниот спор, актот на Агенцијата против кој е поведен спорот, предмет на спорот, како и за исходот на управниот спор.

Со цел за едно генерално видување на бројот на сите поведени управни спорови против актите на регулаторното тело, кое од Совет за радиодифузија, со денот на влегувањето во сила на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[7], се преименува и продолжи да работи како Агенција за аудио и аудиовизуелни медимски услуги, во продолжение на оваа анализа, даден е приказ на бројот на поведени управни спорови пред Управниот суд, почнувајќи од 2007 година (кога е поведен првиот управен спор против акт на регулаторното тело) па до 2015 година, односно бројот на поведени управни спорови против актите на регулаторното тело во 2007 година, 2008 година, 2009 година, 2010 година, 2011 година, 2012 година, 2013 година, 2014 година и 2015 година.

[7] Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13)




*Слика бр.1 Графички приказ на управните спорови*
*поведени против актите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*
*(поранешен Совет за радиодифузија)*

Врз основа на прикажаните податоци, забележително е дека најголем број управни спорови против актите на регулаторното тело, биле поведени во 2008 година, а од друга страна во 2011 година не бил поведен ниту еден управен спор. Податоците пак, од последните три години односно 2013-та, 2014-та година и 2015-та година, се показател дека во посочените години, мал е бројот (2) на поведени управни спорови против актите на регулаторот.

## 5. ***<u>Акти на Агенцијата против кои се поведени управни спорови во анализираниот период</u>***

Двата управни спора поведени пред Управниот Суд на Република Македонија во анализираниот период, се покренати против решенија донесени од страна на директорот на Агенцијата, со кои на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа од страна на Агенцијата им е наложено исклучување на програмски сервиси кои операторите ги

реемитувале безправно односно спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во двата случаи, подносителите на тужбата за поведување на управен спор против напреднаведените решенија на Агенцијата, поднеле и барања за времена мерка за одлагање на извршување на решението, до завршувањето на поведениот управен спор пред Управниот суд.

По повод двата поведени управни спора, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дала одговор на тужба односно одговор на жалба до Управниот суд и Вишиот управен суд.

Во анализираниот период, во еден случај, оператор на јавна комуникациска мрежа поднел барање до Управниот суд, за донесување решение за времена мерка да се одложи извршување на решение за опоменување и исклучување на реемитување на програмски сервис, кое барање беше отфрлено од страна на судот, со оглед дека во времето на поднесување на барањето, тужителот немал поведен управен спор против актот чије извршување барал да се одложи.

## 6. ***Состојба на поведените управни спорови***

По однос на состојбата на двата поведени управни спорови против актите на Агенцијата во анализираниот период, состојбата е следната:

- Двете барања за донесување решение за времена мерка за одлагање на извршувањето на решенијата на Агенцијата до завршување на поведениот управен спор, се одбиени како неосновани од страна на Управниот суд како првостепен суд. Во двата случаи, поднесени беа жалби до Вишиот Управен суд како второстепен суд. Двете поднесени жалби од страна на Вишиот управен суд беа одбиени како неосновани.

- Двете постапки по однос на главната работа – управните спорови се во тек, односно до моментот на изработката на оваа Анализа, Агенцијата нема добиено одлука од Управниот Суд.

## 7. *Заклучок*

Во ситуација кога сеуште не се донесени одлуки од страна на Управниот суд, за решавање на управните спорови поведени против актите на Агенцијата (предмет на оваа анализа), непостои основ за изведување заклучок во смисла на оценката на законитоста на актите на Агенцијата кои тужителите ги оспориле пред надлежниот суд. Меѓутоа, преку согледување во квантитативна смисла на анализираните податоци – два поведени управни спора против акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, може да се сумира дека во 2015 година, мал е бројот на оспорени акти на Агенцијата. Ваквата состојба е идентична со онаа предмет на анализита во 2014 година.

Врз основа на тоа, како препорака, консеквентна на заклучокот од оваа анализа, произлегува тоа, да Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при донесувањето на актите од својата надлежност, продолжи со непосредна правилна примена на Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, подзаконските акти и останатите позитивни законски прописи.

Досега од страна на регулаторното тело се изработени три анализи на поведените управни спорови против неговите акти. Првата анализа го опфати периодот од 2007 - 2013 година, втората анализа ги опфати поведените управни спорови во периодот јануари-декември 2014 година, како и предметната анализа која го опфаќа периодот јануари-декември 2015 година.

Практиката од последните две анализи на управни спрови кои се изработуваат на годишно ниво, покажа дека врз основа на анализираните податоци, неможе да се извлече заклучок, од причина што споровите не завршуваат во истата таа година во која биле поведени.

Имајќи ја предвид ваквата состојба, се предлага Секторот да продолжи со водење евиденција на управните спорови (со податоци за: субјект кој го повел спорот, предмет (акт) против кој е поведен, датум на поведување и негов исход), додека пак анализа на управните спорови да се изработува, така што нејзин предмет би била поширока временска рамка односно управните спорови поведени во период од повеќе години.

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

Прилог (1)

Прилог бр.1

# ПРЕГЛЕД НА ПОВЕДЕНИ УПРАВНИ СПОРОВИ ПРОТИВ АКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (во периодот од јануари 2015 до декември 2015)

| *Ред. бр.* | *Подносител на тужбата* | *Датум на поднесување на тужба до Управниот Суд* | *Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор* | *Предмет на спорот* | *Исход на управниот спор* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговско радиодифузно друштво РОБИ ДООЕЛ Штип | 16.01.2015 година | Решение на Агенцијата, УП1 бр.11-687 од 20.12.2014 година, за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси, дополнето со Решение за дополнување УП1 бр.11-687 од 23.12.2014 година (У-3 бр.92/15). | Подносителот на тужбата бара да се поништи како незаконито, Решението на Агенцијата, УП1 бр.11-687 од 20.12.2014 година, за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси дополнето со Решение за дополнување УП1 бр.11-687 од 23.12.2014 година. | **Агенцијата даде Одговор на тужба,** наш бр.11-687 од 02.02.2015 година. |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво РОБИ ДООЕЛ Штип | 28.01.2015 година | Барање за донесување решение за времена мерка да се одложи извршувањето на Решението на Агенцијата, УП1 бр.11-687 од 20.12.2014 година, за опоменување и исклучување на реемитувањето на програмски сервиси, дополнето со Решение за дополнување УП1 бр.11-687 од 23.12.2014 година, до правосилно завршување на постапката УЗ бр.92/15 по повод поднесената тужба за поведување управен спор од страна на тужителот. | Подносителот на тужбата бара да се донесе решение за времена мерка да се одложи извршувањето на Решението на Агенцијата, УП1 бр.11-687 од 20.12.2014 година, за опоменување и исклучување на реемитувањето на програмски сервиси, | **Агенцијата даде Одговор на барање за донесување решение за времена мерка,** наш бр.11-687 од 02.02.2015 година.<br><br>**УПРАВНИОТ СУД ДОНЕСЕ РЕШЕНИЕ,** У-3 бр.105/2015 од 03.02.2015 година (наш бр.11-687 од 12.02.2015 година) **СО КОЕ БАРАЊЕТО НА ТУЖИТЕЛОТ** за Судот да донесе решение за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | дополнето со Решение за дополнување УП1 бр.11-687 од 23.12.2014 година, до правосилно завршување на постапката УЗ бр.92/15 по повод поднесената тужба за поведување управен спор од страна на тужителот. | времена мерка за одлагање на извршувањето на предметното решение до завршувањето на поведениот управен спор, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**<br><br>**ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕНА МЕРКА НА УПРАВНИОТ СУД** ДОНЕСЕНА ВО ПРВ СТЕПЕН У-3 бр.105/2015 **ТУЖИТЕЛИТЕ** на 16.02.2015 **ПОДНЕСОА ЖАЛБА ДО ВИШИОТ УПРАВЕН СУД** (наш бр.11-687 од 23.02.2015 година)<br><br>**Агенцијата даде Одговор на жалбата до Вишиот Управен Суд против решението за времена мерка,** наш бр.11-687 од 25.02.2015 година.<br><br>**ВИШИОТ УПРАВЕН СУД СО РЕШЕНИЕ** УЖВМ-1 бр.7/2015 (наш бр.11-687 од 06.03.2015 година) **ЈА ОДБИ ЖАЛБАТА НА ТУЖИТЕЛОТ** ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕНА МЕРКА КАКО НЕОСНОВАНА, а **Решението на Управниот Суд У-3 бр.105/2015** од 03.02.2015 година **го потврди.** |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво РОБИ ДООЕЛ Штип | 08.01.2015 година | Барање за донесување решение за времена мерка да се одложи извршувањето на Решението на Агенцијата, УП1 бр.11-688 од 20.12.2014 година, за опоменување и исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис Minimax, дополнето со Решение за дополнување УП1 бр.11-688 од 23.12.2014 година. | Тужителот бара одлагање на извршувањето на Решението на Агенцијата, УП1 бр.11-688 од 20.12.2014 година, за опоменување и исклучување на | **УПРАВНИОТ СУД ДОНЕСЕ РЕШЕНИЕ,** У-3 бр.28/2015 од 14.01.2015 година (наш бр.11-688 од 28.01.2015 година) **СО КОЕ БАРАЊЕТО НА ТУЖИТЕЛОТ** за одлагање на извршувањето на предметното решение до |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | реемитувањето на програмскиот сервис Minimax, дополнето со Решение за дополнување УП1 бр.11-688 од 23.12.2014 година. | завршувањето на поведениот управен спор, **СЕ ОТФРЛА** (во времето на поднесување на ова барање тужителот немал поведен управен спор против актот чије одлагање барал во оваа постапка). |
| 4. | Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје | 27.02.2015 година | Тужба со предлог за издавање на времена мерка по повод Решението на Агенцијата за опоменување и исклучување на програмски сервиси, УП 1 бр. 11-308 од 02.02.2015 година (У-3 бр.206/2015) | Тужителот бара да се поништи Решението на Агенцијата за опоменување и исклучување на програмски сервиси, УП 1 бр. 11-308 од 02.02.2015 година, и да се одложи извршувањето на предметното Решение до донесувањето пресуда по предметниот управен спор. | **Агенцијата даде Одговор на тужба и на барање за донесување решение за времена мерка,** наш бр.11-308 од 17.03.2015 година.<br><br>**Управниот суд донесе решение за времена мерка,** У-3 бр.205/2015 од 04.03.2015 година (наш бр.11-308 од 09.03.2015 година), со кое предлогот на тужителот судот да донесе решение со кое ќе определи времена мерка за одлагање на извршувањето на предметното решение против кое е поведен овој управен спор, се **одбива како неоснован.**<br><br>**ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕНА МЕРКА НА УПРАВНИОТ СУД** ДОНЕСЕНА ВО ПРВ СТЕПЕН У-3 бр.205/2015 **ТУЖИТЕЛИТЕ** на 16.03.2015 **ПОДНЕСОА ЖАЛБА ДО ВИШИОТ УПРАВЕН СУД** (наш бр.11-308 од 19.03.2015 година)<br><br>**Агенцијата даде Одговор на жалбата до Вишиот Управен Суд против решението за времена мерка У-3 бр.205/2015,** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (наш бр.11-308 од 20.03.2015 година).<br><br>**ВИШИОТ УПРАВЕН СУД СО РЕШЕНИЕ** УЖВМ-1 бр.8/2015 (наш бр.11-308 од 07.04.2015 година) **ЈА ОДБИ ЖАЛБАТА НА ТУЖИТЕЛОТ** ПРОТИВ РЕШЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕНА МЕРКА КАКО НЕОСНОВАНА, а **Решението на Управниот Суд У-З бр.205/2015** од 27.03.2015 година **го потврди.** |